# PRINCIPLES OF WOMEN'S SOLIDARITY VS THE LEGAL SYSTEM OF REPUBLIC OF MACEDONIA

**Ace Bakievski**
Faculty of Law, International University of Struga, Republic of Macedonia, acebakievski@yahoo.com
**Mimoza Bakievska**
Faculty of Law, International University of Struga, Republic of Macedonia, mimozabak@yahoo.com

**Abstract:** The solidarity actions of the oppressed women appears as a reflection of everyday violence that a woman suffers at home, at work or on the street. The perpetrator of such an action is a person who carries the characteristics of the male sex, which is a person from her close surroundings, most often her father, partner or son. In insufficient legal coverage of this wide social and increasingly frequent problem, its legal regulation, prevention and suppression is missing. Therefore, women who are victims of such violence are self-organized and together with the same slogan for their protection, they stand united, demanding their rights and freedoms that are guaranteed by the highest legal acts in the country, as well as internationally. The assumption is that a sufficient knowledge of legal framework that addresses the protection of women's rights is the basis for a happy, satisfactory way of life. Or, to put it differently, the fact that there are legal and other provisions protecting the rights and freedoms of a woman is a sufficient reason to assume that she is protected from all kinds of violence. If de facto reality is realized, not only de jure, it will certainly be concluded that the awareness of the existence of a "law" that would "punish" the perpetrator of violence is in fact only a fallacy and hidden hope of the victim of violence. This is also due to the constant shame from the environment in which the woman lives, but also from the fear of her and the safety of her children. According to the analysis of the professional and scientific literature and statistical data on this social phenomenon (although they are a "dark" figure!) in our country and globally, the existence of partial coverage of this problem can be confirmed, which is resulting in a breakthrough of woman's self-consciousness and self-esteem. By raising the level of education, a woman acquires knowledge of her value and place in society. Knowledge becomes a tool in her hands for defense, attack, and organization in her actions. The maximum knowledge and application of the legal, but also the customary norms, for women became the way in which they trace the principle that no woman in the world of men is alone; with their unity and togetherness, they spread the idea of women's solidarity and support.
**Keywords:** violence, woman, rights, freedom

# НАЧЕЛА НА ЖЕНСКАТА СОЛИДАРНОСТ В.В. ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Аце Бакиевски**
Правен факултет, Меѓународен Универзитет Струга, Република Македонија
acebakievski@yahoo.com
**Мимоза Бакиевска**
Правен факултет, Меѓународен Универзитет Струга, Република Македонија
mimozabak@yahoo.com

**Резиме:** Солидарното дејствување на угнетените жени се јавува како рефлексија на секојдневното насилство што жената го трпи дома, на работа или на улица. Вршител на таквото дејствие е лице кое носи карактеристики на машки пол, кое е нејзин близок човек, најчесто нејзиниот татко, партнер или син. Во недоволна законска покриеност на овој широк општествен и сѐ почест проблем, изостанува неговото законско регулирање, превенирање, спречување и сузбивање. Поради тоа, жените кои се жртви на таквото насилство, се самоорганизираат и заедно, со ист слоган за своја заштита, истапуваат обединето, барајќи ги своите права и слободи кои се загарантирани со највисоките правни акти како во државата, така и на меѓународно ниво. Претпоставка е дека доволното познавање на законската регулатива која се однесува на заштитата на правата на жената се основа за нејзин среќен, задоволителен начин на живеење. Или поинаку кажано, фактот што постојат законски и други одредби со кои се штитат правата и слободата на жената е доволна причина да се претпостави дека таа е заштитена од секаков вид на насилство. Доколку се согледа реалноста de facto, а не само de jure, секако ќе се заклучи дека осознаеноста за постоење на „закон" со кој ќе биде „казнет" сторителот на насилството, всушност е само заблуда и скриена надеж на жртвата на

насилството. Ова е така и поради постојаниот срам од средината во која живее таа жена, но и од стравот за својата и безбедноста на своите деца. Според анализата на стручната и научната литература и статистичките податоци за оваа општествена појава (иако тие се „темна" бројка!) во нашата држава, а и на глобално ниво, може да се потврди постоење на делумна опфатеност на овој проблем што резултира со пробив на зрак за самосвесност и самопочит на жените. Со подигнување на нивото на образование жената се стекнува со знаење за својата вредност и место во општеството. Знаењето станува алатка во нејзините раце за одбрана, за напад и за организираност во постапувањето. Максималното познавање и применување на законските, но и обичајните норми, за жените станаа пат по кој го трасираат начелото дека ниедна жена во светот на мажите не е сама; со нивното единство и заедништво ја шират идејата за женската солидарност и поддршка.
**Клучни зборови**: насилство, жена, права, слобода

## 1.ВОВЕД

За насилството, како општествена појава со многу тешки последици, во правниот систем на Република Македонија сеуште постојат недоволен број законски одредби. Неколкуте закони, кои сепак содржат вакви одредби, само ја маргинализираат оваа многу опасна појава без да навлезат во нејзината суштина. Насилството врз жената е само една од неколкуте негови појавни облици, кое скоро без исклучок се протега и врз децата во семејството. Максималното познавање и користење на таквата законска регулатива за жената која е жртва на насилничко однесување од секаков вид и степен, претставува основен стадиум за нејзина понатамошна самозаштита. Станува збор за лаичко познавање и примена на законските норми, бидејќи жената која е жртва на некој вид насилство поради срам од средината најчесто молчи. Спротивно на тоа, малкуте законски одредби упатуваат на покренување на постапка по приватна иницијатива на жртвата, додека надлежните органи ја заобиколуваат оваа појава. И покрај сите недоречености и непостапување на органите за заштита на жената – жртва на насилство, сепак, новодонесените закони претставуваат чекор напред; иако сметаме дека тие се повеќе од декларативен, отколку облигаторен карактер. Поради тоа, може да се констатира дека во реалниот живот, на оваа многу опасна криминогена појава сеуште и се посветува недоволно внимание, така што жените – жртви на насилство самоиницијативно се здружуваат и истапуваат во јавноста бранејќи ги своите, и правата на своите малолетни деца.

## 2. НАСИЛСТВОТО КАКО ЗАКОНСКА НОРМА

Крајот на XX век и почетокот на овој XXI век, го одбележаа повеќе промени во севкупното општествено живеење. Една од нив, многу значајна, се однесува на односите во семејството, која се манифестира преку зголемен степен на рамноправност, почит и толеранција помеѓу брачните/вонбрачните партнери, на односите со децата, а и со останатите членови во семејството односно домаќинството. Причината за тоа е претставена преку неколку стимулирачки фактори. Првенствено значење би дале на законското регулирање на односите во областа на бракот и семејството, од каде понатаму произлегуваат права и обврски за членовите на овие заедници, но и казнени мерки (казни и привремени мерки) за прекршителите на тие одредби.

Семејните односи во Република Македонија за прв пат се кодифицирани во Законот за семејството[189] во 1992 година и тој до денес претрпел неколку измени и дополнувања. Како правен акт овој закон е поставен врз Уставни начела кои го прокламираат значењето на бракот и семејството, против секаков вид насилство, а за заштита на мајчинството на жената (и жената воопшто). Овој закон, до донесување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство[190] содржеше одредби кои се однесуваа на семејното насилство, вклучувајќи и одредби за привремените мерки кои можеше да се преземат против извршителите на насилството. Но, со оглед на фактот што семејното насилство најчесто е насилство врз жената, сметаме дека истите тие одредби важат и за типичното насилство сторено врз жената како член на семејството. Со донесување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство беа ставени вон сила одредбите од глава V-A и глава VI – A од Законот за семејството, освен членот 94 – з кој се однесуваше на постапката за изречување на привремени мерки за заштита од семејно насилство. На домашен план би го спомнале и Законот за еднакви можности на жените и мажите[191], кој е дел на граѓанското право и содржи

[189] Закон за семејството, „Службен весник на РМ“ бр.80/92 – консолидиран текст
[190] Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, „Службен весник на РМ“ бр.138/14
[191] Законот за еднакви можности на жените и мажите, „Службен весник на РМ“бр.66/06

одредби со кои се поддржува рамноправноста на припадниците на двата пола, еднакви услови на полето на дејствување, кои органи се надлежни за спроведување на законот и друго.
Нашата држава има ратификувано многу меѓународни документи со кои се штитат правата на човекот, или поконкретно во интерес на овој труд, физичкиот и моралниот интегритет на жената, а тоа се: Повелбата на Обединетите нации од 1945 г, Универзалната(Општата, Генералната) декларација за правата на човекот од 1948 година, Меѓународниот пакет за економските, социјалните и културните права на Обединетите нации од 1966 година, Препораките на Советот на Европа за насилството во семејството (1985 и 1990 година), Препораката 1681 позната како Кампања за борба против насилство над жената во семејството во Европа од 2004 г. и многу други.
Од кривично правен аспект погледнато, секое насилство содржи обележја на кривично дело. Во посебниот дел од Кривичниот законик[192], главата посветена на кривични дела против животот и телото, би ги издвоиле следните кривични дела: убиство (член 123), телесна повреда (член 130), мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување (член 142), силување (член 186), родоскврнавење (член 194), повреда на рамноправноста на граѓаните (член 137), повреда на семејните односи (член 203). За потсетување е дека секогаш со насилството врз физикусот на жената паралелно се случува и друг вид на насилство (психичко, психолошко, економско, симболичко) кое најчесто не е предмет на опсервирање и не се казнува.

**3.НАЧЕЛА НА ЖЕНСКАТА СОЛИДАРНОСТ**

Во стручната литература чиј предмет на проучување е жената и нејзиното место во општеството воопшто, организираното дејствување на жените е познато како феминистичко движење, кое е зародиш на неколкуте принципи на женската солидарност кои жените ги држат поврзани и единствени во своето постоење во целиот свет. Нивното себеспознавање кое има неколку степени: прво малтретирани, потоа доближени преку СОС – контактите, па згрижени во куќите за привремен престој и на крај обединети со единствената идеја за самопочит, ги поставило основните начела на женската солидарнос, кои ги презентираме подолу.
**Жената не е крива за насилството** – секоја жена треба да знае дека не е крива за насилството што го доживеала, зашто секое недоразбирање може да се реши на мирен начин. Оттаму, таа треба да очекува целосна доверба од луѓето кои ја опкружуваат.
**Жената отворено да зборува за насилството** – потиснувањето на доживеаното машко насилство е „храна“ за насилникот, кој одново и одново, во временски интервали, ќе постапува на ист начин. Напротив, отвореното говорење во јавноста за жената ќе значи стекнување самодоверба дека само таа и никој друг нема да ги промени ставовите и мислењата по одредени прашања. На тој начин таа повеќе ќе се сврти кон себе не потценувајќи се, туку создавајќи поголема самосвест.
**Организиран настап на жените** – најсилно организираниот настап на жените дава најдобри резултати. Станува збор за заедничко изворно организирање, а не помош од другите; секоја жена знае што и како треба да постапи во конкретна ситуација, а за тоа и е потребно разбирање и солидарност од другите жени. Така здружени, можат да прават промени во светот каде самите тие би имале поинаква општествена улога со тренд на позитивни промени.
**Жените не се бојно поле за војување –** жената не смее да заборави дека мажите кон нив сакаат да се однесуваат како да се на бојно поле, сакајќи да остваруваат победа и надмоќ. Крајна цел на машкото војување е воспоставување на доминација и контрола над животот на жената.
**Жената знае да располага со материјалните средства –** жената секогаш треба да знае дека е способна да обезбеди и рационално да располага со заработените средства. На тој начин таа треба да го надмине патријархалниот начин на размислување и практикување дека само мажот е тој кој знае да размислува и одлучува.
**Мажот е одговорен за одредени сторени или несторени дејствија -** како човечко суштество и мажот е одговорен за своите постапки, бидејќи и жената и мажот се рамноправни во бракот.
**Жената е способна да раководи со поголеми институции –** жената треба да знае дека е способна рамноправно да раководи со големи институции доколку го има потребното образование и искуство. Под еднакви услови, таа може подеднакво со мажот да постигнува најдобри резултати. Ова подразбира рушење на доминантната општествена улога на мажот секогаш и секаде.
**Стоп за секаков вид насилство –** главно мото за живеење на секоја жена треба да биде неприфаќање на секаков вид на насилство зашто ниту таа, ниту семејството, не е приватна работа на мажот. Во таа насока,

[192] Кривичен законик на РМ, „Службен весник на РМ“ бр.37/96 – консолидиран текст

жената има право да бара и да очекува од државата нејзина заштита и заштита на семејството како основна социјална клетка во општеството преку донесување на закони и други нормативни акти со превентивни мерки.

**Самоиницијативност** - најголема обврска на жената е да биде носител на сопствените идеи и да постапува според сопствени чувства. Атрибутот морална жена е наметнат од мажот кој асоцира на жена која е послушна, од една страна и која треба да молчи и да трпи, од друга страна. Жената е женствена и кога го кажува своето мислење јавно пред другите. Таа е добра сопруга и домаќинка и кога знае понекогаш да се спротивстави на секој секс, зашто бракот не е легална дозвола за силување.

**Жртвата не е секогаш виновна –** вината најчесто се бара кај жртвата. Зачудува податокот дека дури и најблиските роднини на жената го „оправдуваат" насилничкото однесување на мажот и ја тераат неа да молчи, да го крие насилството, зашто тоа така било отсекогаш. Но, жената треба да е свесна дека поминува времето на патријархалното влијание на мажот во куќата, а евентуалното недоразбирање треба да се решава на друг, мирен начин.

**Жените не се мазохисти –** ако е така, значи дека 95% од женската популација се со вроден код да бидат шамарани, тепани,малтретирани, убивани?! Ако " црнците сакаат да бидат робови, а ромите сакаат да бидат валкани" [193], тогаш најверојатно и жените сакаат да трпат насилство!

**Одговорноста за стореното насилство припаѓа исклучиво на насилникот –** општеството треба од насилникот да бара одговорност за стореното, а не да го штити и оправдува окарактеризирајќи го како патолошки случај. Доколку е вака, тогаш повторно вината се префрла на жената. Затоа жената секогаш и секаде мора гласно да зборува за претрпеното насилство.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Сè посовремениот начин на живот, отвореноста на комуникациите, состојбата на глобализација на светот, овозможи жените да го преземат својот живот во свои раце. Исто така, промената на начинот на избор на партнерот, желбата за пород и негово планирање, надминувањето на патријархалниот вид на семејство, променетиот начин на производство, економската независност, миграционите движења и зголемената еманципација, доведоа до суштински промени во начинот на живеење и работа на луѓето и на органите и останатите институции во државата. Жените со својот јавен организиран настап ја искажаа својата сила, моќ и способност да бидат носители на високи функции. Така државните органи, кои дотогаш пасивно го гледаа насилството врз нив, од господари, станаа нивни слуги. Настанатите промени беа резултат на не така големиот број законски измени, кои беа доволни да се започне процес за надминување на закоравената улога на угнетуваната жена. Донесените закони ги штитат односите во семејството и односите помеѓу жените и мажите, а со таксативно наведените поведенија кои се инкриминирани со казнениот законик се штити жената од секој вид на насилство. Сето тоа ги поттикна жените кои станаа свесни дека мора здружено да се борат против односите во кои постои нерамнотежа помеѓу женската и машката сила и моќ. Жените станаа свесни дека мора да излезат од анонимност и поагресивно да ги побараат своите права, а во борбата против насилството мора да ги искажат своите семејни тајни. Жените научија дека нивната интелигенција, работливост, пожртвуваност, оданост и верност кон сопругот и децата, како и целосната посветеност на семејството, а и кон работата надвор од семејството, не ги штити да трпат некој вид на насилство и да станат жртви на некој насилник. Основното нешто што жените го научија е дека треба упорно да се борат против секој вид на насилство врз нив, бидејќи законите само ја пропишуваат нивната заштита, а тие треба да ја побараат и спроведат.

## ЛИТЕРАТУРА

[1] Aisling Reidy, Zabrana za tortura, Priracnici za covekovi prava br.6, Council of Europe, 2003
[2] Dvorkin Andrea, Zene za zivot bez nasilja, Nasilje u porodici, Beograd, 1995
[3] Zizek Slavoj,"O nasilju: Sest pogleda sa strane", Naklada Ljevak, Zagreb, 2008
[4] Judith Armmata, Dianne Post, Semejno nasilstvo: Globalna perspektiva, Lobirawe na zakonska regulativa za semejno nasilstvo vo Republika Makedonija, ESE-Humanitarna organizacija-Amerikanska Advokatska Asocijacija, Centralna i Isto~no Evropska Pravna Inicijativa, Skopje, 1999
[5] Korac Radoje, " Model zakona za zastitu od nasilja u porodici", ", Zbornik pravnog fakulteta u Podgorici br.36, Podgorica, 2008

[193] Andrea Dvorkin, Zene za zivot bez nasilja, Nasilje u porodici, Beograd, 1995, str. 131

[6] Markovic Ivanka,"Suzbijanje i sprecavanje nasilja u porodici u Republici Srpskoj", Praven fakultet, Banja Luka, 2008
[7] Ritzer.George, Modern Sociological Theory, Chapter 8, Contemporary Feminist Theory, Fourth edition, New York, 1996
[8] Rutovic Veljko, " Krivicno pravna zastita od nasilja u porodici", Zbornik pravnog fakulteta u Podgorici br.35, Podgorica, 2006
[9] Sulejmanov Zoran, Stojanoski Nelko, Socijalna patologija, Jugoreklam, Skopje, 2002
[10] Чонева Љубица, Семејното насилство врз жената во Република Македонија и можностите за помош на жртвите, Годишник бр.1, ИСППИ, Скопје 2005
[11] Закон за семејството, „Службен весник на РМ“ бр.80/92 – консолидиран текст
[12] Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, „Службен весник на РМ“ бр.138/14
[13] Законот за еднакви можности на жените и мажите, „Службен весник на РМ“бр.66/06
[14] Кривичен законик на РМ, „Службен весник на РМ“ бр.37/96 – консолидиран текст